Друштво на писателите
на Македонија
Бр. ДПМ S-40-2026
3.6. 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 33 став 1 алинеи 4 и 7 од Статутот на Друштвото на писателите на Македонија од 17.5.2025 година, Управниот одбор на ДПМ на ден 2.7.2026 г. го усвои следниот:

Правилник за подготовка на „Стожер“ на ДПМ (бр. 3 и бр.4/2026 г.)

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл. 1

Овој Правилник ја регулира подготовката на „Стожер“, ревијата за литература, култура и уметност на Друштвото на писателите на Македонија.

Чл. 2

„Стожер“ е списание во издание на Друштвото на писателите на Македонија кое се објавува четири пати годишно.

„Стожер“ излегува електронски и во печатена форма.

Печатениот тираж на секој број на списанието „Стожер“ изнесува 200 (двесте) примероци.

Чл. 3

Секој активен член на Друштвото на писателите на Македонија има право бесплатно да подигне печатени примероци на ревијата „Стожер“ од седиштето на ДПМ на ул. „Максим Горки“ бр. 18 во Скопје.

СОДРЖИНА НА „СТОЖЕР“

Чл. 4

„Стожер“ брои вкупно 48 (четириесет и осум) страници, од кои првите и последните две се во боја, а другите се црно-бели.

Чл. 5

Содржините на секој број на ревијата „Стожер“ се договараат помеѓу членовите на Управиот одбор и членовите на редакцијата на „Стожер“, при што се внимава да се обезбеди разноликост на содржини.

Чл. 6

Содржините на „Стожер“ можат да бидат:

- (Извадок од) објавена домашна поезија/проза/драма/друго
- (Извадок од) необјавена домашна поезија/проза/драма/друго
- Превод/препев на (извадок од) објавена странска поезија/проза/драма/друго
- Рецензија/критички осврт за книжевно/уметничко дело (книга, слика, филм, претстава...)
- Репортажа/осврт за одржан настан (промоција, јубилеј, концерт, изложба, манифестација...)
- Колумна / Став (предност им се дава на писатели/членови на ДПМ)
- Интервју/разговор на член на редакцијата на „Стожер“ со автор (писател, уметник итн.)
- Текст-омаж за одбележување годишнина: од раѓање/смрт на автор / од објава на дело, итн.
- Друг вид текст, подготвен според видувањето на членот на редакцијата на „Стожер“, во договор со Управниот одбор на ДПМ и со претседателката на ДПМ, која е и издавач на ревијата „Стожер“.

РАБОТА НА РЕДАКЦИЈАТА НА „СТОЖЕР“

Чл. 7

Редакцијата на „Стожер“ е составена од четворица членови кои имаат еднакви права и обврски.

Чл. 8

Секој од членовите на редакцијата на „Стожер“ треба да обезбеди материјали (и да ги уреди тие материјали) за 12 (дванаесет) страници од бројот на ревијата што е во подготовка.

Со цел да се избегне конфликт на интереси, членот на редакцијата на „Стожер“ ќе се воздржи од промоција на сопствените дела (или на делата на својот издавач) при обезбедувањето на материјалите.

Чл. 9

Управниот одбор на ДПМ (преку претседателката на ДПМ) на кој било од членовите на редакцијата на „Стожер“ може да му посочи конкретни содржини со кои веќе се располага и кои треба да бидат застапени во конкретен број на ревијата „Стожер“.

Чл. 10

Секој од четворицата членови на редакцијата на „Стожер“, во согласност со потпишаниот Договор помеѓу ДПМ и Министерството за култура и туризам на РС Македонија, зема идентичен хонорар во утврдена висина од 5.000 ден.

Висината на хонорарот се однесува за подготовка на дванаесет страници од бројот на „Стожер“, односно хонорарот за подготовката на секоја страница изнесува 417 ден.

Висината на хонорарот за членовите на редакцијата може да варира, во зависност од количината на подготвени содржини (број на страници).

Доколку некој од членовите на редакцијата доцни со испораката на некоја од содржините на бројот, со цел навремена подготовка и објава на „Стожер“, претседателката на Друштвото може да одлучи да бидат искористени содржини изготвени од друг/и член/ови на редакцијата.

За секоја дополнително изготвена страница, отаде предвидените дванаесет, членот на редакцијата на „Стожер“ добива дополнителен надоместок од 417 ден. од страница.

Чл. 11

Како главен и одговорен уредник на „Стожер“ бр. 3 и бр. 4 за 2026 г. ќе бидат оние двајца членови на редакцијата што имаат најдолго членство во Друштвото на писателите на Македонија.

Главниот и одговорен уредник на „Стожер“ ќе има истите права и обврски како и другите членови на редакцијата, со таа разлика што тој ќе ја има должноста да го напише уводникот во конкретниот број.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Чл. 12

За сите прашања што не се третирани од овој Правилник, одлучува УО, или претседателката на ДПМ.

Претседателка на ДПМ

Гордана Јовиќ-Стојковска